# КУЛТУРОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА МИТСКИТЕ СЛИКИ НА МАШКИТЕ ИНДОЕВРОПСКИ БОЖЕСТВА ЗАСТАПЕНИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ВЕЗОВИ

**Јасминка Ристовска-Пиличкова**
*Институт за фолклор „Марко Цепенков", Македонија*

Subject of interest of our paper is the Iindo-Europian men goodnes and it's parallels with mens goodnes represented in the Macedonian traditional wavings. By comperative analysis, this iconographic type is comprered with the analogue image of the coptic textiles dated from the 10-12th century A.D., with the 1400-year old image on a silver plate belonging to the group of the so-called Luristabs bronzes and the aerlu Slavic artefact dated from the 7th century A.D. - the plates of a cult caracter foud in Velestino in Thessaly. The close ralations of their theonims Z'rvan-Zvarun-Zvarog-Svarog as well as the etimological components of their names point to the close ralations between Z'rvan and Svarog, as a mythical solar goodnes. Those images have close anlogoges with the Slavic folk embroideries dated from the 19th and the beginning of the 20th centuries.

## Вовед

Истражувањата на структурата и на симболите на ликовните елементи присутни во македонската традиционалната везбена орнаментика, претставува област која е фрагментално и секако недоволно истражена, имајќи го предвид богатиот и разновден фолклорен материјал. Досегашните истражувања насочени кон оваа проблематика, во најголема мера се движат на ниво на описност и дескрипција, при што интересот најчесто е ставен на ликовно-естетски обележја на традиционалните текстилни форми и нивната орнаментиката, карактеристични за оредени етнографско-регионални целини, или пак, како дел од некоја поопширна анализа за македонската традиционални везови, без некој посериозен обид да се навлезе во нивната ликовно-семантичка содржина.

Во обид да приникнеме во богатата ризница на ликовни елементи од македонското традиционално тектилно творештво, посебен интерес на нашето истражување е појавата на ликовни претстави, кои би биле препознаени и би биле анализирани како дел на одредени митолошки-религиски системи.

## Ликовно-естетски и технилошки особености на македонските традиционални везови

Народната носија претставува важна компонента за проучување на етничкото и на културното минато на еден народ. Во долготрајниот процес на формирање на македонските народни носии, можат да се проследат влијанијата на различните народи и цивилизации, започнувајќи од најстариот - старобалкански културен слој, па античко-македонскиот, на кои во периодот од 5 до 7 век се надоврзува цивилизацијата на старите Словени, а подоцна византиската и турско-ориенаталната цивилизација, па сè до најновите струења од Запад.

Пред да пристапиме кон анализа на елемнтите и на мотивите застапени во македонските народни везови, е неопходно да истакнеме дека македонските носи, покрај својата примарна функција, да штити и да затоплува, во себе ја содржи и функцијата на обележје на социјалниот и на културниот статус на личноста во неговите етнички и регионални рамки. Според својата функција и намена македонските народни носии можат да се поделат на *константни* и *варијабилни*. Следејќи ги константните функции на македонските носии, а во контекст на нивната намена, тие се издиференцирани на: *секојдневна носија*, приспособена на секојдневните обврски и намени, на *обредна* и на *празнична носија*. Обредната носија се јавува како материјална компонента во функција на следење на определен обреден знак или дејство. Таа се одликува со разгранет систем на декоративно-естетски и обредни елементи, кои имаат нагласена семантичка

содржина. Преку својата естетска и обредна форма, таа симболички ги презентира трите основни човекови биолошки настани: раѓање, свадба и смрт, односно преминот на *одделување, преминување* и *вклучуваење, од една во друга животна позиција.* Важна улога при иницијација и премин од една во друга животна етапа има токму обредниот карактер на облеката. Преку нејзините форми се манифестираат сите животни етапи. Како најкомплексна, со најразвиена структурна и обредно-семантичка форма, се издвојува младоженската и невестинската - венчалната носија. По својот карактер, таа се јавува како носител на социјалните, етничкие, естетските и обредно-маѓиските елементи и обележја, карактеристични за одредена етничка или регионална група. Во неа се содржани низа на декоративни форми и украсни елементи кои покрај својата декоративно-естетската функција на дадената регионална заедница, содржат и низа на обредно-маѓиски елементи и знаци, кои имаат нагласено апотропејско значење, а се поврзани пред сè со култот на плодноста и на благосостојбата на младоженците. Имајќи го предвид нејзиниот константен карактер, можеме да заклучиме дека овој тип на носија успеал во себе да ги сочува и сублимира во една оригинална форма најзначајните традиционални и културни вредности, вклучувајќи ја и низата на архаични естстки и обредни елементи, карактеристични за одредена етничка и регионална група. Токму затоа невестинската венчална носија обилува со цел систем на еквивалентни обредни знаци, кои во својата апстрактна форма се носители на одредени семантички пораки. Во тој контекст невестинската носија се јавува и како „*обредно свадбена*", а одредени обредни знаци се рефлектираат и во некои други семејни или календарски обреди, кои најчесто се задржуваат статични сè до раѓањето на првото дете. Во тој период, атрибутите на невестинството, како што се: *коцелот, сокајот, гајтанот* и др. постепено се напуштаат, при што се менува и статусот на невестата во статус на млада, мажена жена. Невестинската носија, а особено невестинската кошула има значајна улога и во погребните обреди, која се чува за умирачка, па од тој аспект таа има и обредно-траорен карактер.

Најсилно акцентиран дел на невестинската носија е долгата бела кошула, позната како: *гувеалска, голема, тнока, доркина, корените, аловна, вејче, циреите глае, срамница, шарена, крстови, околешка* итн. Овие кошули се одликуваат со богата везбена и друг вид на декорација, специјално предозначена за овој тип на кошули. Од орнаменталните елементи доминираат мотивите што ги симболизираат животната сила и плодност. Такви се мотивите: *лоза, лози* (три, седум, девет), *ветки, вејка* (*девет ветки*), *зобалка, зрна* (три, пет или девет), *цветови* (*девет цвета*), *корење, пилиња* итн. Во венчалната носија особено значење имаат и броевите, и тоа: три, седум и девет.

За разлика од текстилната народна орнаментика на источните и на западнословенските народи, каде прикажаните ликовни елементи, се одликуваат со одредена наративност и пластика во оформувањето на цртежот, македонската традиционална текстилна орнаментика се одликува со нагласената стилизација и геометризација на ликовните елементи и мотиви.

Техниката на изведба на македонски везови се карактеризира со броење на жиците од платното. Изработката на везот според контурите на цртежот е крајно ретка, ограничена само за определени типови на вез, во одредени региони. За разлика од македонските везови, кај останатите словенски народи доминираат везовите изработени според означените контури на цртежот. Според Маслова (Маслова 1978: 41) токму оваа техника (рус. *по числу, по расчету*), се јавува како подрева во однос на останатите техники на изработка на везовите.[1] Во македонските народни везови со помош на оваа техника се изведувале бројни и сложени бодовни техники, специфични само за одредени региони или пак

[1] Кај руските народни везови со оваа техника се изведувале одредени видови на везови и тоа најчесто – *двустаронии косои стежок*, или пак: *крестик по счету нити ткани, различние види строчки* итн.

застапени само во македонската везбена орнаментика (види: Крстева 2006). Дел од овие везбени техники се идентични со древните коптски, византиски и други црковнословенски текстилни артефакти, сочувани до денешни дни.

Особен интерес за нашата тема на истаржување претставуваат везовите и нивната орнаментика карактеристични за двата соседни етнографски предели Скопска блатија и Скопска Црна Гора. Во овие предели диференцирани се два типа на носии, со јасно изразени карактеристики и специфики. Карактеристично за женските празничните кошули од регионот на Скопска блатија е везот со срма и разнобојна волна. Од орнаментиката доминираат стилизираните флорни и геометриски елементи, специфични само за овој предел од Македонија. За соседниот предел - Скопска Црна Гора, карактеристичен е релјефниот вез, изработен речиси целиот со црна волна со акценти од темно сина - *модра* боја. Орнамениката се одликува со строга геометризација и отсуство на било каква стилска или наративна фигурација. Од геометриските форми доминираат: кругот, квадратот и триаголникот. И покрај јасната, стилска, иконографска, технолошка, колоритна итн., диференцијација на машката и на женската носија помеѓу овие два предели, во оформувањето на невестинската носија, и особено невестинската кошула, се јавуваат одредени стилски карактеристики, заеднички за двата предели, меѓу кои е и црниот релјевен вез (Крстева 1994: 111-123), застапен во везбената декорација на женската носија, и особено на невестинските кошули т.н. *Црнетица* и *Гувеалница*, од наведените два региона. Токму овие невестински кошули, според своите стилски и содржински елемнти, претставуваат преоден тип на носија, помеѓу овие два региони.

Појавата на т.н. црн вез во изработката на носиите е мошне ретка појава, не само во Македонија, туку и на пошироките балкански подрачја. Во традиционалната култура на словенските народи, везот најчесто се изработувал со црвени или други разнобојни нитки, додека пак изработката на вез со црни нитки е речиси непозната појава. Везот со црни нитки е карактеристичен за *Раниот стил* на коптскиот текстил, датиран од првата половина на 3 до 5 век на н.е. и делумно за т.н. *Зрел стил*, формиран во периодот од средина на 5 до средината на 7 век од н.е. Копсткиот текстил од раниот стил според својот стилски израз се развива под влијание на елинистичката и древноегипетската култура. Зрелиот стил претставува преоден период во кои античките теми се христијанизираат со употреба на одредени христијански симболи, притоа доаѓа до промени во цртежот и нарушување на пропорциите на прикажаните фигури. (Шуринова 1969: 13). За разлика од подоцнежниот полихромен колорит, текстилот создаван во овој период се одликува со тонска градација од црна односно темно сина до темно црвена, односно ѓувезно-кафеави боја, со акценти на црвена, зелена или друга боја. Во иконографиијата на овој период доминираат античко-елинистичките и египетските митолошки теми со сцени во кои доминираат митските божества. Покрај овие наративни сцени се јавуваат и чисто геометриски орнаменти поставени самостојно или пак во комбинација со растителни мотиви, при што како најдоминантен се јавува мотивот на лозата. Со овие орнаменти најчесто се орнаментирале клавите и вертикалните ленти - плетенки со кои се украсувале туниковидните кошули.

Техниката на на везот се изведувала во комбинација на т.н. гобленска техника и летечка игла, на ленено платно со волнени нитки.

**Иконографска анализа на ликовните претстави**

Посебен интерес за нашето излагање претставува везената композиција поставен во долниот - преден и заден дел на женската невестинска кошула *Гувеалница*. Во централниот дел на композицијата, прикажана е фигура, со антропоморфни обележја, уникатна по својот стилски израз и содржина. Фигурата е дел од една низа на истоветни такви фигури, поставени (пет, осум или единаесет) во предниот - *предница* и задниот дел (*задница*) од долницата на

женската невестинска кошула. За жал терминологијата на посочениот мотив е непозната.

Прикажанати фигура од везот на женската кошула *Гувеалница*, според застапените елементи претставува лик со митски обележја. На ваквата констатација укажуваат неговите атрубути, како што се:



- небесниот свод, исцртан со црвена линија во полукружна форма, поставен над главата на ликот;
- масивната глава, со рогови и соларен диск поствен во средишниот дел на ликот;
- розета, поставена во централниот дел од масивното тело (без назначени екстремитети), со два ромба поставени од двете страни;
- ѕвездените елементи, кои ја опкружуваат целата фугура.

Од наведените елементи, кои ја дефинираат неговата содржина, можеме да заклучиме дека станува збор за небесно божество, покровител над небото, во која активна улога зазема сонцето. Ова божество зазема доминантно место во небесната - космичка зона, односно претставува централен симбол на наведената космогониска слика.

Според својата иконографија, а имајќи го предвид медиумот на неговата танскрипција, може да констатираме дека станува збор за машка фигура со полукружно обликувано торсо и масивна глава со рогови, облечено во плашт, која во целост ги покрива неговите екстремитети. Од симболите што го одредуваат и го дефинираат негивиот божествен карактер присутни се: двата соларни елементи - кругот (поставен во центарот на главата) и кружната розета (поставена во централниот дел на тело); небесниот полукружен свод означен над неговата глава и бројните звездите, кои ја опкружуваат целата фигура и го дефинираат небесното, космичко пространство. Од колоритот најдоминантна е црната боја - застапена во оформувањето на целата фигура и звездите; црвената боја со која е означен небесниот свод и дел од розетата, како и златната боја т.е. срма со која се дефинирани соларните атрибути - кругот и розетата, како и просторот помеѓу главата и торзото од наведената фигура. Во композицијата белата боја се јавува како фонов тапет и е во функција да го означи и дефинира небесното пространство. Ако ја одземеме црната и белата боја како две крајни монохромни позиции, од колоритната скала на бои и ги аспектираме црвената и златножолтата боја, како единствени од колорит на наведената композиција, можеме да заклучиме дека нивната корелација претставува симбиоза на два дуалистички концепта. Од аспект на симболиката на боите, црвената боја е симбол на плодноста, на бракот и воопшто животната енергија, која во космологичките претстави, најчесто ја претставува *големата мајка-Земјата.* Во овој контекст, нејзината улога е двонасочна - таа се јавува како симбол на плодноста, но и како апотреон при преминот на *оној свет.* Придружена со златната или сребрената боја (златна или сребрена срма), таа добива подлабока димензија, која во митолошките претстави го изразува симболот на Сонцето, светлината и бесмртноста - златната, односно Месечината, чистотата и плодноста - среброто. Од наведеново станува јасно дека колорит од наведената композиција е во функција на неговата содржина и значење, односно го потенцира божествен карактер на прикажаната митска фигура.

Во обид да го дефинираме и определиме значењето на оваа божество, ќе се обидеме низ симболичко-икнографска анализа да го идентификуваме неговиот иконографски тип и по пат на компарација да ги пронајдеме неговите аналогии во

пантеонот на митопоетизирани слики на древните индоевропски религии и нивните теоними.



Во една поредуцирана и стилизирана варијанта овој мотив го среќаваме на парче копстки текстил,[2] шал или наметка, како дел од бордурниот појас на една посложена композициска слика. Везот е изработен со волнени нитки на ленена основа. датиран во периодот помеѓу 10 - 12 век. Композоцијата е сочинета од дваесет и три октогонални елементи поврзени еден со друг во чиј централен дел се поставени фигури на лавови и леопарди. Во долниот дел од композицијата прикажана е фигура на коњаник или ловец, кој во раката држи штит или некој вид на бокал. Композицијата завршува со фриз од стилизирани фигури, во форма на глава и торзо, без да бидат назначени екстрмитетите. Слично како и кај посочениот вез од Македонија, главата и торзото на фигурата се орнаментирани со кружни мотиви, орнаментирни во нивниот ценtален дел. Целокупниот просторот околу посочените фигури е орнаментиран со низа на ситни ѕвездовидни мотиви. Според иконографијата и стилскиот израз на прикажаните фигурални и декоративни елементи, ткаенината може да ја класифицирама во групата на доцната копста уметност која пак се развива под влијание на исламската уметност, а имено по влијание на уметност на Фатимидите т.е. фатимидскиот период во Египет.

Според иконографските елементи и содржини, наведената фигура од женската кошула од регионот на Скопско, блиски корелации воспоставува и со неколку различни ликовни манифестации по својата хронолошка и културна припадност од овој иконографски тип, детаљно анализирани во трудот на: *Словенските пантеони во ликовниот медиум: Сварог* (Чаусидис 1998: 75-92) .

Централната фигура од една сребрена плочка од познатиот комплекс на луристански метални предмети, датирана од 8 век п.н.е. и покрај големата временска и културолошка и разлика, изненадува со големата сличност со посочената фигура од везот од Македонија. На фигурата од луристранската плочка е прикажан човек со масивно ѕвоновидно торзо, облечен во некој вид на плашт, без назначени екстрамитети, чиј ценtален дел е орнаментиран со кружен мотив на градите, на кој е прикажан човечки лик. Компаративната аналлиза помеѓу посочените две фигури укажива на одредени сличности, но и разлики. На луристанската плочка наведениот лик има јасно обработена глава, строго лице со правилни црти, мустаќи и вертикални локни на брадата, обележја кои во целост се изоставени при оформувањето на главата на фигурата од женската кошула од Скопско. Одредени разлики се појавуваат и во оформувањето на торзото т.е. плаштот, кој кај луристанската фигура е прикажано во вид на стилизирани крилја. При оформувањето на целокупната композиција, кај луристанската метална плочка во вториот план, од левата и од десната страна на централната фигура, се поствени човечки фигури кои држат огнени мечови. Небесниот карактер на прикажаната композиција се потврдува со присуството на розетата поставена во долниот дел од композицијата.

[2] Парчето коптски текстил е е сопственост на: Indiana University Art museum, USA.

и



При компаративната анализата на овие две фигури и утврдувањето на нивните заеднички карактеристики и специфики, покрај историските културните фактори, значајна улога во градењето на нивниот стилскиот израз има и медиумот на нивната изработка. Во наведениот случај станува збор за два сосема различни материјали, чија изработка во голема мера го условува и детерминира карактерот и стилот на нивната изработка. Имајќи ги предвид, техничките и стилските особености катектеристики на наведениот вез од невестинската кошула *Гувеалница*, како што е: стилизација на везбените орнаменти, сложеноста на везбените техники (*облаз-пунето, четирица, предиглечко, полукрстови, полнеж* итн.) и мононхормоната и редуцирана скала на бои во кои превладува црната, со акценти на црвена и жолтозлатната боја, т.е. срма, се наметнува заклучокот дека отсуството на детали и описни елементи во оформувањето на ликовнoто израз на наведената фигура, во голема мера се должи на ликовните и стилските особености на везовните техники, карактеристични за овој регион. За разлика од него, во иконографијата на лурестаната метална плоча, забележливо е присуството на пластично оформување на фигурата со детаљно исцртување на постоечките пропратни елемнти карактеристични за неа. Ваквото толкување на ликовниот израз на наведената митска слика, во голема мера е резултат на ликовните и стилски карактеристики за т.н. луристански металните предмети од тој период.



Прегледот на митските слики во кои се појавуваат ликови на машки божества, со слични обележја и карактеристики може да ја проследиме и во металната плочка (висина 9 см), пронајдено со с. Велестино, Тесалија, датирана од 7 век од н.е. Плочката е обликувана во форма на машка фигура, пластично оформена со поликружно торзо, облечено во полкуружна наметка; на градите доминира кружен диск, а ивиците се дололнети со 4 розите. Лицето што прикажува возрасен маж со брада и со мустаќи. Лицето и долните екстремитети од фигурата се реалистички оформени. И покрај иконографските разлики во третирањето на фигурата, од аспект на содржината, постојат низа на сличности и сродности со елементите карактеристични за наведената фигура од женската кошула од регионот на Скопско. И во двете случаи карактеристична е појавата на соларните симболи: розета во централниот дел од торзото и по два соларни симболи на екстремитетите.

Анализата на машките фигури со атрибути на соларни божества, може да ја споредиме со неколку фигури преземени од везбената орнаментика, карактеристична за традиционалното текстилно творештво на Источните Словени, датирани кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. За разлика од погоре наведените примери, прикажаните фигури имаат нагласени горни и долни екстремитети, со рацете наполу



свиени. Соларните елементи се поставени под пазувите и над рамената, прикажани во форма на крст со завиени краци на краевите или пак во форма на четирилисен цвет. Карактеристично и за двете фигури е појавата на роговидни елементи поставени на главата, во форма на буквата „V" со наркшени запци. За разлика од погоре наведените примери, кај овие фигури лицето е условно означено, без подетаљно оформување.

Иако, според содржината и застапените елементи, постојат големи сличности и истоветности со двете фигури од Русија, тие според својата иконографија значително се разликуваат со фигурата на машкото божество застапена во везот на невестинската кошула од регионот на Скопска блатија (Македонија). На ваквата констатација укажуваат соларните симболи поставени околу централниот дел од торзото, како и роговидните ленти на главата, кои не ги сретнавме кај претходно наведените митски божества.

**Заклучок**

Анализата на посочените митски слики, и покрај различниот и дистанциран културно-историски ареал и период на новносто настанување, укажуваат на низа ликовно семантички и теонимски сродности. Релациите со митското божесто од македонскиот вез на ниво на иконографски тип можно е да се сродни со посочените ликови од наведената фигура од копсткиот текстил, како и со посочените ликови од велестинската плочка и луристанската фигура, односно нивното поврзување со доцнокопстакат уметност, која се развива под влијание на исламската фатимидска уметност во Египет во периодот на 1012 век, како и со ликовите од металните плочки кои, според нивната иконографија и теоними, укажуваат на поврзување со иранската т.е. австинската митологија. Како најсоодветна се покажува нивната идентификација со З'рван (Зерван, Зурван) - богот на времето, односно неговата идентификација и персифиникиација со богот на времето т.е. *вечното* или *почетното време*. Овие авестински епитети како на З'рван, како што посочува Чаусидис (Чаусидис 1998: 1, 79), блиску кореспондираат токму со некои детали од велестинската фигура, како што е розетата, присутна во посочениот вез од Македонија, но и во коптскиот текстил, а делумно и во модифицирана форма и во наведените везови од Русија. Посочената розета е идентификувана како фаза од соларниот циклус, која совршено соодвествува со епитетот на З'рван како небеско божество и со персонификација на вечното време. Во тој контекст, не само сликата туку и името на овој авестинско-ирански бог може да се постави во релација со словенскиот бог Сварог. Потврда на вактото согледување ни даваат нивните теоними, кои во историските извори се сретнува и како Совраг т.е. Зварог. Иконографските и фонетските релации се потврдуваат и на семантичко-етимолошко ниво, имајќи предвид дека теонимот Сварог кој се сведува на *свар* или *сварг*, во индо-иранските паралели се толкува како небо, светло и сл. (Иванов, Топоров 1980: 155).

Сметаме дека укажаната анализа покажува на блиските сродности корелации на посочените митски машки ликови, кои во својата семантичко-иконографска и теоминската содржина пртставуваат модифицирани форми на древните солерни божества: Зрван и Сварог, кои пак носат обележја на прастари божества што со текот на времето го изгубиле својот култен карактер и до денешни дни останале сочувани единсвено во медиумот на митот или пак, како стилизирани митски слики, забележани во текстилното фолклорно творештво. Нивниот митски карактер, како небесни - соларни божества, го потврдува и нивното присуство, кое единстено е забележано во обредната македонскта невестинска носија, која изобилува со низа архаични обредно-маѓиски елементи.

**Литература:**


Маслова Г. С. 1978. Орнамент русской народной вишивкы. Наука. Москва. 41.

Крстева А. 1994. Невестинските кошули во Скопската котлина. Етнолог. 4-5. Здружение на етнолозите на Македонија. Музеј на Македонија. Скопје. 111-123

Крстева А. 2006. Техники на везење во украсувањето на македонските народни носии, Скопје.

Шуринова Р. 1969. Коптские ткани. Аврора. Ленинград

Чаусидис Н. 1998. Словенските пантеони во ликовниот медиум: Сварог. Studia mithologica slavica 1. ZRC SAZU. Ljubljana. 75-92

Иванов, Топоров Й. 1980. Балтискатая мифология. Мифы народов мира. Москва 155.




Сл.1. Долница од невестинска кошула - *Гувеалница*,
Скопска Блатија, Македонија, АИФ инв. бр. 178



Сл.2. Вез од долница на невестинска кошула -
*Гувеалница*, Скопска Црна Гора, Македонија, АИФ,
инв. бр. 825